ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Кисела Вода

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- неусогласеност на Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија согласно законските барања;
- неевидентирани побарувања по основ на надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во сметководствена евиденција;
- непочитување на обврската за водење регистар за издадените одобренија за поставување на урбана опрема и донесување годишна програма за поставување на времени објекти и урбана опрема.

**Издадено мислење*:**
Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (630) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- усогласување на Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија евиденција согласно законските барања;
- реално утврдување на основот на постоење на побарувањата, нивно соодветно евидентирање во деловните книги и можност за нивна наплата;
- сопствено администрирање на комунална такса за користење простор пред деловни простории, воспоставување на регистар на издадени одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема и инспекциски надзор на истите.

**Клучни системски слабости:**
Слабости во Законот за комунални такси кај тарифните броеви 9 и 10 комуналната такса за користење на улици и патишта и одржување јавно осветлување.
Слабости во Законот за даноците на имот за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности на општините со регистарот кој го води АКН на РСМ.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (630) за 2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување


INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018